Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

Your partner in travel

# Венеција за 8ми Март 2025

Ден 1 06.03.2025 (четврток)
Состанок на групата кај хотел Континентал во период помеѓу 12-14:00 часот. Се патува преку граничниот премин Табановце. Дневно и ноќно возење преку Србија, Хрватска и Словенија со попатни одмори.

Ден 2 07.03.2025 (петок)
Пристигнување во Трст во утринските часови. По разгледот на градот (околу два часа) упатување кон еден од најголемите шопинг центри во Италија – Designer Outlet Noventa di Piave (околу два часа). Сместување во хотел. Ноќевање.

Ден 3 08.03.2025 (сабота)
По појадокот се упатуваме кон Верона – градот на Ромео и Јулија, започнува на плоштадот Бра каде се наоѓа надалеку познатата Арена, потоа следи прошетка по познатата улица Mazzini која низ центарот на градот води директно до плоштадот Ербе. Разглед на плоштадот Dei Signori каде се наоѓа статуата на Данте, а потоа се упатуваме во дворот на куќата на Јулија каде ќе можете да се фотографирате со статуата на Јулија. По слободното време продолжуваме кон градот на модата Милано. Пристигнуваме во пладневните часови. Разглед на градот со водич:тврдината Сфорцеско, Piazza Duomo, централниот плоштад каде се наоѓа најголемата готска катедрала во светот,потоа одиме на Via Vittorio Emanuelle, најдобрата шопинг улица, Oktogon, односно галеријата Vittorio Emanuelle каде се наоѓа 196 м долг покриен премин со многубројни продавници кој пак не води до зградата на Миланската опера, една од најпознатите оперски куќи во светот. Слободно време за шопинг и индивидуални прошетки низ градот кој е бисер на северниот дел на Италија. Во вечерните часови заминување кон хотелот. Ноќевање.

Ден 4 09.03.2025 (недела)
Појадок и трансфер до пристаништето Пунта Сабиони. Превоз со брод “вапорето” до центарот на Венеција. Разглед на градот: плоштадот и црквата Св.Марко, Мостот на воздишките, Дуждевата палата, Прокуратите, Мостот Риалто, Каналот Гранде… Слободно време за индивидуални прошетки и уживање.. Во договорено време враќање со бродот до Пунта Сабиони. Поаѓање за Скопје.

Ден 5 10.03.2025 (понеделник)
Патување преку Словенија, Хрватска, Србија. Пристигнување во Македонија во пладневите часови.

Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

Your partner in travel

Цена по лице во двокреветна соба 169 Є
Цена по лице во еднокреветна соба 119 Є

Во цената Е вклучено:
Хотел 3* во Лидо ди Јесоло или областа Венето,
2 ноќевања со појадок
Автобуски превоз на наведените релации
Разгледите според програмата
Посета на Трст и Designer Outlet Noventa di Piave
Услуги од туристички професионален водич – пратител
Бесплатен трансфер Битола, Прилеп, Кавадарци (Црна река), Велес

Во цената НЕ Е вклучено:
Задолжителна доплата за туристичка такса за хотелот 2.5 Є по лице од ден
Задолжителна такса за влез во Венеција 5€ (се плаќа на лице место)
Трошоци за патничко осигурување за целиот престој
Влезници за локалитетите (музеи, верски објекти, индивидуални трошоци)
Индивидуални трошоци

Факултативи

| | |
|---|---|
| Разглед на Венеција со водич (брод од и до Пунто Сабиони) | 30 Є |
| Верона и Милано со водич | 50 Є |
| Пакет факултативи | 75 Є |

Доплати
Туристичка такса | 5 Є | се плаќа во објектот
Такса за влез во Венеција | 5 Є | се плаќа во објектот
Патничко осигурување | задолжително е да се има